Сито графика е основана во 1991 година, со седиште во Скопје. Повеќе од 25 години креираме печатени материјали за нашите клиенти, и како и секој однос кој има големо значење, така и ние започнавме од основната идеа да Ви помогнеме при остварување на вашата фантазија.

Со континуитетот во работата од самото основање, Ситографика се јавува како логистика во доменот на промотивните активности, рекламната дејност и презентацијата на фирмите, друштвата и секако и во активностите на голем дел од асоцијациите, спортските клубови и воопшто на македонското стопанство во општествено-економските дејности.

Ние знаеме дека секоја работа, ваша идеја е единствена и најважна за вас. Тоа е она што нас не одржува во живот и нè води на патот кон остварувањето на нашата цел, да ви помогнеме да ја остварите вашата фантазија.

За таа цел, постојано ги следиме напредокот на технологијата во доменот на печатењето на разнородни материјали и подлоги, развојот на боите и употребата на разновидни ткаенини, хартии и картони, транспарентни материјали...

Во моментов Сито графика има потреба од прошурување на својот тим, на позиција:

ПРОДАЖЕН ПЕРСОНАЛ - ПРОДАВАЧ

Потребни квалификации:
Завршено средно образование
Со или без работно искуство
Познавање на работа со компјутер
Познавање на англиски јазик

Одговорности и задачи:
Продажба и услуга на клиентите
Одржување и унапредување на изгледот на продажното место
Задачи поврзани со секојдневното функционирање на продажното место
Изготвување понуди за клиенти

Личен профил:
Развиени продажни вештини
Ведрост, претставителност и комуникативност
Лојалност, енергичност и самоиницијативност
Способност за индивидуална и тимска работа
Способност за работа под притисок
Грижа и ориентираност кон клиенти

Ние нудиме:
Редовни месечни примања
Можност за напредување
Пријатна работна атмосфера
Периодични обуки
Работно време: понеделник- петок 09:00 до 17:00 часот, сабота - дежурство 09 до 15 часот

Сите заинтересирани кандидати, својата Професионална Биографија (CV), писмо за мотивација и препораки (доколку поседувате), можете да ги доставите на еден од следниве начини:
Испраќање професионална биографија (CV) на vrabotuvanje@sitografika.com.mk

Само апликациите кои ќе влезат во потесен круг, ќе бидат контактирани.